РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-2169/2
01-09-2023 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 91-та седница одржана на 31.08.2023 година ја донесе следната

О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-2169/1 од 10.04.2023 година, против ,,Здружението ----------" и ,,Здружението----------", **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што наводите во пријавата не се активности извршени од лица опфатени со член 8 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-2169/1 од 10.04.2023 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 10.04.2023 година, поднесена е пријава против ,,Здружението----------" и против ,,Здружението ----------" и оформен е предмет број 12-2169/1 од 10.04.2023 година.

Во пријавата подносителот наведува дека наведените Здруженија работеле незаконски, неправилно пресметувале персонален данок, незаконски покривале на материјалните трошоци со невистинити и лажни документи. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека наводите во пријавата не се активности извршени од лица опфатени со член 8 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси по што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изработил: Ф.О
Одобрил: К.Н, Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk



Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Prešveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk